578

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 13 MAY 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 578/3 | | |

**До: Педагошка служба, Министерство за образование и наука**

**Стручно вреднување на ракописи**

Врз основа на Решението за формирање на Стручен тим бр. 26-578/1 од 06.05.2026 година, се изврши стручно вреднување на ракописите за учебници за наставниот предмет Географија за II (втора) година гимназиско образование, како што следува:

**Ракопис со шифра 9** 09 Р. Г...ковс

Иако ракописот со шифра 9, од содржински аспект, е во согласност со формалните барања на наставните цели, зад јасната поставеност не секогаш стојат целосно разработени концепт и теми. Неговата примена во наставниот процес е ограничена од недоволно развиениот пристап во обработката на содржините. Прегледната структура на лекциите остава позитивен впечаток, но не е проследено со доволна методичка длабочина.

Наместо да ги насочуваат учениците критички да ги анализираат фактите и да доаѓаат до сопствени заклучоци, вежбите главно се насочени кон меморирање. Во делот со прашања и активности преовладуваат задачи што ја проверуваат содржината на текстот, додека споредбените и аналитичките активности се оскудно застапени. Истражувачките задачи, работата со дополнителни извори и активностите што им овозможуваат на учениците пошироко да ги поврзат географските појави со современите општествени процеси се користат ограничено во дел од лекциите. Како резултат на тоа, дел од содржините делуваат како да се површно обработени и без доволно да се искористи нивниот потенцијал.

Иако визуелно е функционален, учебникот не ги следи современите стандарди за гимназиско образование. Големото присуство на текст, на сметка на аналитичките графички елементи, ја намалува прегледноста на материјалот. Инфографиците што би ги објасниле посложените географски појави забележително недостигаат, а картите и фотографиите се користат главно како декоративни елементи, наместо како аналитички алатки. Квалитетот на разработката варира дури и во деловите што се попрактично насочени, како што се поглавјата за Република Северна Македонија. Наставната функција на учебникот се оптоварува со наизменично појавување на премногу детални објаснувања и премногу поедноставени сегменти.

Севкупно, учебникот нуди застарен пристап кој не е усогласен со моделот на активно учење. Формалното следење на наставните насоки не е доволно за квалитетен образовен процес, па затоа учебникот има потреба од поголема интерактивност и посовремена визуелна рамка за да биде навистина функционален за настава. Следствено на тоа, ракописот со шифра 9 **не се препорачува** како учебник по Географија за II година гимназиско образование.

**Ракопис со шифра 11** 011

Ракописот со шифра 11 првенствено се потпира на информативната функција на текстот, додека критичкото толкување на географските концепти останува во втор план. И покрај јасната структура, наставната обработка на содржините останува ограничена. Иако тематскиот опсег ги опфаќа европските политики и развојот, начинот на презентација не нуди доволно сериозна интерпретација и анализа на податоци, поради што содржините не успеваат да преминат од општо информирање кон функционално знаење.

И покрај тоа што постојат механизми за проверка на знаењето, тие и понатаму се на ниско когнитивно ниво и главно поттикнуваат репродукција на информации. Методичкиот пристап е лишен од истражувачка компонента, особено во делот на практичната работа со географски карти и компаративната анализа на региони. Ваквиот пристап не обезбедува доволен поттик за подлабоко навлегување во сложените географски и општествени поврзаности и ја ограничува интерактивноста.

Учебникот е напишан на повисоко академско ниво, со посериозен јазичен и содржински пристап, особено изразено во делот за Европа, и што не е во согласност со образовното ниво на учениците. Исто така, во одредени делови се забележува употреба на несоодветни или стилски непрецизно поставени изрази, што повремено влијае врз јасноста и природниот тек на текстот.

Во визуелен и графички аспект, учебникот остава впечаток на покласичен наставен материјал, со поконзервативен пристап во дизајнот и организацијата на настаните. Исто така, графичките елементи не се целосно искористени како наставни помагала. Текстот има доминантна улога во однос на картите и фотографиите, кои немаат јасно дефинирана функција во развивањето критичко размислување кај учениците. Недостигот на квалитетни инфографици и тематски визуелни прикази го прави материјалот помалку функционален за современиот образовен модел.

Општиот заклучок е дека, и покрај организациските и визуелните подобрувања, учебникот сè уште не успева да направи премин од фактографско кон функционално знаење. Доминацијата на информативните содржини над аналитичките активности укажува дека приоритет е даден на количината на податоци, наместо на развојот на критичкото географско размислување кај учениците. Следствено на тоа, ракописот со шифра 11 **не се препорачува** како учебник по Географија за II година гимназиско образование.

**Ракопис со шифра 10** 010

Ракописот со шифра 10 остава впечаток на добро организирано наставно средство кое приоритет ѝ дава на применливоста на содржините. Наставната програма е изработена според јасно дефиниран пристап што на учениците им овозможува систематизиран увид во европските политики, економската интеграција и надминувањето на регионалните нерамномерности, со што географијата се поврзува со реалните општествени процеси.

Преку вешто комбинирање на содржините со визуелни и истражувачки елементи, учебникот успешно го надминува традиционалниот модел на сувопарно фактографско претставување. Посебен акцент е ставен на задачите што им овозможуваат на учениците да ги поврзуваат различните процеси, додека преку внимателно осмислен систем на прашања и вежби

теоретското знаење директно се претвора во когнитивни вештини. Тематскиот опсег на учебникот, кој ги обработува регионалните разлики и европските политики со висок степен на конкретност, е доследно усогласен со барањата на современото образование. Способноста на учениците успешно да ја согледаат поврзаноста помеѓу основните поими и нивната реална манифестација во географскиот простор придонесува за развој на нивните аналитички способности.

Особено позитивен елемент е и вклучувањето QR-кодови, кои овозможуваат пристап до дополнителни дигитални содржини и ја збогатуваат наставата со посовремен и поинтерактивен пристап. Исто така, и современиот дизајн и одличната визуелна хиерархија дополнително придонесуваат за позитивниот впечаток од овој учебник. Содржината станува помалку апстрактна и поразбирлива за учениците благодарение на богатата употреба на бои и добро организираните графички прикази. Визуелните материјали имаат значајна улога во објаснувањето на просторните појави, овозможувајќи висок степен на јасност и методичка доследност. Корицата визуелно соодветствува со природата на материјалот и остава солиден прв впечаток за наставно средство по Географија. Позитивниот баланс помеѓу содржината и наставните активности создава одлична основа за динамична и интерактивна настава. Методичкиот пристап на учебникот им овозможува на учениците да станат активни учесници кои преку анализа и споредба самостојно го согледуваат влијанието на географијата врз современите глобални случувања. Ракописот со шифра 10 се оценува како соодветен наставен материјал за спроведување на наставата по Географија.

**Заклучок**

Општиот впечаток укажува дека станува збор за методички креативно и одлично наставно средство кое ги надминува рамките на традиционалното фактографско учење. Благодарение на аналитичкиот пристап и тематската релевантност, учебникот создава услови за квалитетна и функционална настава, овозможувајќи им на учениците суштински да ги разберат географските и општествените динамики. Содржинската релевантност, методичката обработка и организацијата на ракописот со шифра 10 во споредба со останатите два ракописа, значително се издвојува како квалитетен и исклучителен. Следствено на тоа, **ракописот со шифра 10 се предлага да биде одобрен како учебник за наставниот предмет Географија за II (втора) година гимназиско образование**.

**Стручен тим:**

**Проф. д-р Ресуљ Хамити** ____________________

**Проф. д-р Цане Котески** ____________________

**Ристо Грујовски** ____________________

**Скопје, 13.05.2026 година**